РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Бр. 16-136/1
03-03-2026
Скопје

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 154/2019, 178/2021, 58/2024 и 124/2025), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 53 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019 и 745/2025), Деканот на Факултетот на ден 3.3.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за повторно распишување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје

### Член 1

Се распишуваат избори за претседател и 16 (шеснаесет) членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје.

Изборите ќе се спроведат на ден 18.3.2026 год. (среда) во Сала за состаноци, во период од 10:00 - 14:00 часот.

### Член 2

Се именува Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание во состав:

1. студент Теодора Јордановска, член;
2. студент Јована Зенковска, член;
3. студент Тамара Танчевска, член;
4. доц. д-р Анастасија Темелкова, член;
5. доц. д-р Ана -Марија Стаменкоска, член.

### Член 3

Изборната комисија од член 2 на оваа Одлука:

- ја спроведува изборната постапка
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови во Факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката е конечна,
- составува записник за резултатите од гласањето на единицата и за крајниот резултат;
- ги утврдува резултатите од гласањето;
- ја спроведува изборната постапка/и;
- врши други работи утврдени со овој Статут.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

**Член 4**

Се задолжува Изборната комисија од член 2 на оваа Одлука, изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје.

**Член 5**

Кандидатите за членови на Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година се предлагаат кандидати за претставници во Факултетското студентско собрание.

Собирот на студенти по години ќе се спроведат во следните термини:

- прва година, на ден 11.3.2026 год., (среда) во периодот од 9:00 до 11:00 часот во амфитеатар бр. 20;
- втора година, на ден 10.3.2026 год., (вторник) во периодот од 10:00 до 12:00 часот во предавална бр. 30;
- трета година, на ден 12.3.2026 год. (четврток), во периодот од 10:00 до 12:00 часот во предавална бр. 60;
- четврта година, на ден 9.3.2026 год. (понеделник), во периодот од 10:00 до 12:00 часот во предавална бр. 40.

За утврдени кандидати за членови на Факултетското студентско собрание се сметаат оние студенти кои добиле најмногу гласови.

**Член 6**

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по години од додипломски студии и тоа:

- Четири студенти од прва година;
- Четири студенти од втора година;
- Четири студенти од трета година;
- Четири студенти од четврта година.

**Член 7**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2025/2026 година и имаат запишан летен семестар.

**Член 8**

За претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот со најмалку трет семестар завршен (положени сите испити заклучно со трет семестар).

Кандидат за претседател може да биде, доколку се достави предлог до Изборната комисија, потпишан од најмалку 20 студенти кои имаат право да гласаат.

За избран претседател на Факултетското студентско собрание се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата да се објави на веб-страницата на Факултетот, студентската огласна табла и да се достави до сите студенти на нивните е-маил адреси.

Декан

Проф. д-р Ѓорѓи Груевски